Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 16-08-2023 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 323/8 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

08-507/6
03.08. 23

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 60 седница одржана на 20.06.2023 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Безбедност", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Безбедност", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на науки по безбедност /во меѓународен промет академски назив: PhD of sciences in Security.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 516 Безбедност; Научно – истражувачка област: 50610 Друго ( Безбедност).

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: Проф. д-р Марина Митревска , проф. д-р Митко Котевчевски, проф. д-р Тони Милевски., проф. д-р Оливер Бакревски, проф. д-р Лидија Георгиева, проф. д-р Рина Киркова Танеска, проф. д-р Тања Милошевска, проф. д-р Марјан Ѓуровски.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 02-126/72 од 26.01.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Безбедност", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-323/1 од 26.01.2023 година (наш бр. 08 - 507/1 од 31.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 54-та седницата одржана на 09.03.2023 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 507/3 од 11.07.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 60-та седница одржана на 20.06.2023 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 08-11-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 323/10 | | |


Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 31 октомври 2023 година, дава

# РЕШЕНИЕ
## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност" на Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност" на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр. 08-507/6 од 8.8.2023 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, достави Барање бр. 03-323/9 од 16.8.2023 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-1077/1 од 16.8.2023 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност" на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-1077/2 од 17.8.2023 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 21.8.2023 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08 -1077/3 од 4.9.2023 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност" на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21) и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10 и 168/10).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб - страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова Решение.

**Бр. 41-10996/5**
**31 октомври 2023 година**
**Скопје**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**

Подготвил: Даниела Давитковска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска, раководител на одделение
Никола Пасков, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: : Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата